ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Министерство за правда

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
– не е остварена функцијата на единицата за внатрешна ревизија во Министерството;
– не е извршен целосен попис на канцеларискиот мебел набавен за потребите на Основниот кривичен суд;
– исплатени се средства за кои не е постапено целосно по договор и
– не се преземени активности за обезбедување на документација за правото на користење на недвижни ствари, за дел од подрачните одделенија на министерството.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто) (зелено)

Изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење без резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
– да се продолжи со преземање на мерки за екипирање и функционирање на внатрешната ревизија;
– да се изврши и попис на канцеларискиот мебел набавен за Основниот кривичен суд, усогласување на фактичката состојба со сметководствената состојба и склучување на договор за предавање на мебел и
– обезбедување на документи и регулирање на корисничко право на објектите каде се сместени подрачните одделенија.

**Клучни системски слабости:**
- во одредбите на годишниот договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Министерството и СОЗР не се опфатени услугите за посредување и
-Закон за финансирање на политичките партии не го определува временскиот рок во кој Министерството треба да ги добие податоците од надлежните институции, за донесување на Решението и исплата на средствата.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор од страна на министерот за правда.

**Одговор на добиени забелешки:**
Од седум забелешки две се прифатени, една забелешка е делумно се прифатена, една забелешка претставува образложение за настанатата состојба, една известување за преземени мерки, додека останатите претставуваат коментар на констатираните состојби и не се прифатени.

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk